ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за волонтерство

(,,Службен весник на Република Македонија бр. 161/08)

Член 1

Во Законот за волонтерство (,,Службен весник на Република Македонија бр. 85/07) во член 6, став 1 , во алинеја 3 сврзникот "и" се брише.

Во алинејата 4 точката се брише и се додава сврзникот "и".

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

"- единица на локална самоуправа и Градот Скопје"

Член 2

Во членот 10 став 2 се менува и гласи:

"Надоместокот на трошоци за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирањето се исплатува најмногу во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година, а трошоците за службени патувања и трошоците за обука, се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерската работа ".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен весник на Република Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1. јануари 2009 година „